ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, февруари 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 01. 02. 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 806/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојановски

Никола Мицевски

Мирче Димоски

В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 111/23) се уредува системската и хиерархиската уреденост на урбанистичкото планирање во системот на просторното и урбанистичкото планирање, целите и начелата на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот, видовите и содржината на урбанистичките планови, условите за вршење на работите од областа на урбанистичкото планирање, постапките за изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови, надзорот над спроведувањето на одредбите на овој закон, како и други работи од областа на урбанистичкото планирање.

Во Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20) беше предвиден рок од четири години за завршување на започнатите постапки за донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови кои започнале пред донесувањето на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20).

Потребно е рокот да се продолжи за уште четири години односно започнатите постапки да се завршат до 2028 година од причина што доколку не се продолжи рокот тогаш многу постапки нема да завршат и истите ќе треба да започнат од почеток.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основната заложба при изготвување на Предлогот на закон за изменување на Законот за урбанистичко планирање е продолжување на рокот за донесување или изменување и дополнување на урбанистичките планови.

Предлогот на закон за изменување на Законот за урбанистичко планирање се заснова врз истите цели и начела врз кои е заснован Законот за урбанистичко планирање.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации врз Републичкиот буџет.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Републичкиот буџет.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА
УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Член 1

Во Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 111/23) во член 93 став (1) зборовите: „четири години“ се заменуваат со зборовите: „осум години“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Со Предлогот на Закон за изменување на Законот за урбанистичко планирање се предлага изменување во делот на преодните одредби.

Во членот 1 е предвидено изменување на членот 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 111/23) со која се предвидува продолжување на рокот.

Во членот 2 се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат соодветна правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното решение се обезбедува продолжување на рокот за донесување и постапките за изменување и дополнување на урбанистичките планови

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 93

(1) Започнатите постапки за донесување, како и постапките за изменување и дополнување на урбанистичките планови за кои е одобрена планска програма до денот на отпочнување на примена на овој закон, ќе продолжат согласно одредбите на законите според кои се започнати и ќе бидат завршени во рок од четири години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Доколку постапките од став (1) на овој член не завршат во рокот од став (1) на овој член, истите ќе продолжат согласно одредбите на овој закон.